25853


ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP

**pres-kliping • press-clipping**

(Osnovano 1952. godine)

JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330

Isečak iz lista
Newspaper cutting ЕКРАН-СКОПЈЕ

21. XII. 1979 475, 50,


**мини интервју**



# ПЕТАР ХАЏИ БОШКОВ

**Разговорот со скулпторот и графичар Петар Хаџи Бошков во неговиот дом-ателје, не може да започне со прашањето: „На што работите сега?"; неговата мисла тече спонтано. Зборуваме за Човек, Земја, Космос.**

„Овие три елементи се моја преокупација веќе подолго време, на нив се темелат и осумдесет и шестте скулптури и дваесеттината цртежи што деновиве беа изложени во Галеријата Форум во Загреб". „Човекот, тоа е човекот што бил некогаш, што е денес. Почнувам од себе. А, секој миг носи нешто ново... Човекот израснал во вертикала, возвишена, колеблива од внатрешни процеси, стабилна како суштина.

„... Човекот во мојата скулптура е составен дел од Космосот. Затоа, него го доближувам до Космосот или пак неколку елементи од Космосот му ги враќам на Човекот. Всушност, тоа се елементи, како што јас ги замислувам, разиграни форми, кои постојано се менуваат. Задоволство ми претставува да ги гледам, фрлени на под, што секој може да ги придвижи, или поставени на стаклена подлога, како да лебдат".

**Повеќето од скулптуралните форми-теракоти на Петар Хаџи Бошков се боени со јарки, складни бои, бои на природата, на сезонските промени. Тие како да се стремат на Земјата да и го вратат изгубеното.**

„... Во урбана средина, каде што нема зеленило, ете можност скулптурата да ја освежи. Или, овие мали статуетки (околу нас ги има во голем број, најчесто сместени во витрини, кои даваат целина), можат да го освежат ентериерот... цветот да ѝ го оставиме на природата да ја краси..." Хаџи Бошков, овие „флексибилни објекти" во полихромана пластика ги изложи и на југословенкиот павиљон на минатогодишното Венециско биенале на тема „Од природата кон човекот, од човекот кон природата".

**Го прашуваме Хаџи Бошков, во кој амбиент неговите експонати најдобро ја изразуваат својата суштина.**

„Слободниот простор е најадекватен за експонирање на моите скулптури, слободата ми е инспирација; во простор кој нема да оградува, во кој ќе ги согледаме трите елементи заедно: Човекот, Земјата и Космосот.

**Графиките во творештвото на Хаџи Бошков датираат уште од 1965 година. „Графиката и цртежот се посебни дисциплини, но и подготовка за една преокупација што ќе ја изразам во скулптурата, нејзиното дополнување. Сепак најмногу се занимавам со скулптура, бидејќи нејзината повеќедимензионалност дава поголеми можности за изразување".**

В. Ќурчиева